МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ
# НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ

Скопје, __.__2013 година

# ВОВЕД

I.Оцена на состојбите во областа на сметководствените работи и причини за донесување на законот

Со измените на Законот за прекршоците, е дадена можност пред поведување прекршочна постапка за прекршоци утврдени со овој закон да се поведе постапка на порамнување или спогодување.

Во постојниот закон за вршење сметководствени работи е пропишано да се води постапка на порамнување. Оцена е дека за прекршоците утврдени со овој закон не е потребно водење на постапка на порамнување пред поведување на прекршочна постапка, поради што е потребна измена на законот.

II. Цели, начела и основни решенија на предлогот на закон

Со предложените законски решенија се врши усогласување со Законот за прекршоците.

Предлогот на закон за изменување на Законот за вршење сметководствени работи се заснова на истите начела врз кои се заснова и постојниот закон.

Основно решение што се предлага со законот е бришење на постапката на порамнување за прекршоците, утврдени со овој закон.

III.Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

За спроведување на законот што се предлага, не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија

IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

Спроведување на законот не повлекува обезбедување на финансиски средства, ниту повлекува матријални обврски за одделни субјекти.

V. Усогласеност на предлогот на закон со правото на европската унија

/

VI. Потреба од донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон

/

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за вршење на сметководствени работи

Член 1

Во Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" број 95/12) во членот 47, ставот 2 се брише.

Член 2

Постапките на порамнување кои ќе започнат до денот на отпочнувањето со примената на овој Закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр.62/06 и 51/11), во рок од шест месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр__/13).

Образложение:

I. Објаснување на содржината на одредбите на предлогот на законот

Со Предлог-законот за изменување на Законот за вршење на сметководствени работи се врши усогласување со Законот за прекршоците.

Со членот 1 од Законот се предвидува дека се брише обврската за поведување постапка за порамнување.

Во членот 2 се предвидува дека Постапките на порамнување кои ќе отпочнат до денот на отпочнувањето со примената на овој Закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија” бр.62/06 и 51/11), во рок од шест месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Во членот 3 се предвидува одложена примена на овој закон.

II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Одредбите кои се предлагаат во Предлог-законот се во меѓусебна поврзаност со одредбите од основниот закон.

III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со измените на законот ќе се изврши усогласување со Законот за прекршоците

ИЗВОД ОДРЕДБИ
на Законот за вршење на сметководствени работи

Член 47

(1) За прекршоците утврдени во членовите 44,45 и 46 од овој закон прекршочна постапка води надлежен суд.

(2) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон ќе се поведе постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.